# МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА

# „ЕТИЧКИ КОДЕКС НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВЕЦ"



# 1. ВОВЕД

Овој кодекс претставува збир на вредности на рекреативен риболовец, согледани во период на долгогодишно проучување и следење на животот во природата, водите и богатството на водниот свет.

Етичкиот кодекс на македонскиот рекреативен риболовеце е слика за морални однесувања кон:

- природата и околината
- рибите и останатиот воден свет
- останатите рекреативни риболовци

Непочитувањето на правилата од кодексот претставува основен прекршок на самиот рекреативен риболовец, за што е одговорен прво пред самиот себе а потоа и пред останатите рекреативни риболовци.

# 2. ОДНОС НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВЕЦ ВО ПРИРОДАТА

- Рекреативниот риболовец постојано треба да настојува да претставува основен дел од општата јавност на која не и е се едно каква ќе ни биде природата, околината и водите доколку ги запоставиме;

- Твоето однесување во природата е огледало на твојата лична култура, хуманост и спортски морал;
- До риболовните води треба да доаѓаш по веќе направени патеки а возилото да го оставиш на место каде што нема да им пречи на останатите риболовци;
- Доколку во вода или на брегот забележиш помор на риби или други невообичаени промени (боја или мирис на вода), веднаш извести ги надлежните институции (Министерство за земјоделие, Министерство за екологија, Подрачна единица на Државните инспекторати за рибарство, полицијата или концесионерот на риболовниот ревир) и, доколку си во можност, активно учествувај во спречувањето на штетата;






- Не оставај зад себе отпадоци, пластични и стаклени  шишиња, конзерви, најлон кеси, хартија, догорчиња и кутии од цигари и други отпадоци на местото на твојот престој.
- По завршетокот на риболовот исчисти го сметот зад себе за да не мора тоа друг да го направи;







- Не оставај зад себе неизгаснат оган или жар, поради опасност од пожар;
- Немој да го миеш автомобилот покрај вода;
- Не чепкај по нивите и бавчите на земјоделците (пченка, овошје, домати) и без потреба не поминувај низ нив;

- Во секоја пригода однесувај се како борец за заштита на рибите, водата и брегот;
- Не се воздржувај да ги опоменеш риболовците и сите оние кои ги кршат нормите на однесувањето и законските прописи а со својот однос и почитувањето кон природата и околината дади им личен пример;

# 3. ОДНЕСУВАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВЕЦ СО РИБИТЕ

- Користи само дозволени мамки, прибор, методи, техники и начини на риболов;
- Употреба на повеќе риболовни стапови од дозволеното, како и со закон забранети риболовни средства е одлика на себичност и похлепа;
- Не користи мрежи, експлозивни средства, пушки за подводен риболов, електрична енергија и други недозволени средства;
- Почитувај го временското ограничување поради мрестот на рибата и забрана за риболов на одредени места и ревири;
- Почитувај ги законските најмали дозволени мерки на риби под кои не смеат да се ловат како и ограничувањата за најголем дозволен улов по видови на риби утврдени со риболовната основа;
- Рибите кои немаш намера да ги земеш внимателно откачи ги од јадицата и веднаш врати ги во вода;
- Изловената риба секогаш чувај ја во соодветна чуварка но никогаш немој да ја нижеш преку жабрите на јаже, гранка и сл.

- 







- Изловена риба земи исклучиво за свои потреби и по правило не лови риба за други и не ја продавај;
- Огромно задоволство е да се врати уловената риба во вода и да и се поклони живот;

**ФАТИ И ПУШТИ... ИДНИНАТА НА РИБОЛОВОТ Е ВО ТВОИТЕ РАЦЕ!!!**


ФАТИ ПОРАДИ ЗАДОВОЛСТВО


ФОТОФРАФИРАЈ ЗА СПОМЕН


И ПУШТИ ПОРАДИ ИДНИНАТА !!!
















03/Mar-07 14:11



# 4. ОДНОСИ ПОМЕЃУ РЕКРЕАТИВНИ РИБОЛОВЦИ

- При средба со други риболовци на вода поздрави ги со рибарскиот поздрав **БИСТРО !!!**
- Почитувај  го мирот, тишината и правата и приватноста на другите риболовци. Немој да им додеваш и не им пречи;



- Помогни им на другите колеги риболовци доколку се во неприлика (ненадејна болест, повреда, паѓање во вода, давење ...);
- Почитувај  ги повозрасните риболовци и помогни им доклку им е потребна твојата помош;
- Кон помладите риболовци и почетниците однесувај се пријателски и помогни им со совети и личен пример;
- Остави им дел од брегот и на другите риболовци;
- Не го поставувај својот прибор поблиску од пристојното растојание од 10-тина метри од соседните риболовци;
- На риболовец гостин секогаш препушти му го подоброто место за риболов, посоветувај го и предложи му најсоодветна опрема, примама и мамки;
- Доколку се наоѓаш во чамец, усидрен или се движиш, не ги попречувај останатите риболовци кои ловат од брегот или од друг чамец. Намали ја брзината кога се доближуваш и поминуваш покрај нив;

- Почитувај го службеното лице при контрола на риболовот и покажи ги легитимацијата за рекреативен риболов, риболовната дозвола и останатите документи кои ќе ти ги побара;


ОГРОМНО ЗАДОВОЛСТВО Е ДА СЕ ПРЕСТОЈУВА ВО ЧИСТА ОКОЛИНА
И ЛОВИ ВО БИСТРА И НЕЗАГАДЕНА ВОДА !!!


РИБОЛОВ НА МАВРОВСКО ЕЗЕРО








РИБОЛОВ НА РАДИКА


ПРИПРЕМА НА ПРИБОР ЗА РИБОЛОВ


И ПОНЕЖНИОТ ПОЛ НЕ Е ИМУН ...
НА "ВИРУСОТ" РИБОЛОВ !!!


ОДМОР ПО НАПОРЕН
РИБОЛОВЕН ДЕН







**Применувај го овој КОДЕКС како би можеле риболовот и престојот во природата да бидат задоволство за тебе и за сите риболовци во твојата близина. СПОРТСКИ ПОЗДРАВ,**

# БИСТРО!!!